Марина МИТРЕВСКА УДК: 327.5.008.1/.2:341.123

# КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ НА ООН

## *Вовед*

Анализата на можноста за решавање на кризите во минатото се поставуваше во врска со односот на суперсилите и воените конфронтации, во прв ред. Денес, во услови на нова политичка ситуација сите тие елементи сосема го изгубија значењето.Според тоа, изменетата природа на конфликтите и кризите со коишто се соочува светот укажува на итноста ос создавање посуптилни пристапи во однос на нивното справување, наспроти досегашните коишто се покажуваат се помалку ефикасни. Ова го потенцира и фактот што откако кризата ќе заврши многу малку или воопшто не се прават напори да се тестираат и анализираат резултатите, така што идните кризи може да се пресретнат на поорганизиран и пофлексибилен начин. Сето тоа покажува дека Организацијата на Обединетите нации не само што нуди можност да се стори нешто повеќе туку создава состојба којашто неизоставно бара поставување и развивање на нов пристап. Во тие околности, кризниот менаџмент на Организацијата на обединетите нации се поставува како исклучително важен пристап. Оттаму, за да може да се даде целосна анализа на кризниот менаџмент на ООН најнапред ќе бидат изнесени елементите кои го чинат системот за управување со кризи.

## 1. Основањето на ООН

Гледано од историски аспект, обидите за остварување на колективната безбедност и одбрана се јавуваат уште по Првата светска војна, во рамките на Лигата на народите, каде што во Пактот се утврдени основните претпоставки за нејзиното воспоставување. Во тој поглед,

во изградбата на колективната безбедност меѓу двете војни посебно значење има Брајан-Хегеловиот пакт, потпишан во 1928 година. Со овој пакт, 63 држави се обврзале дека своите спорови ќе ги решаваат по мирен пат, одрекувајќи се од војната како средство за својата национална политика. Овој начин на договор се покажал како неефикасен, затоа што дозволувал само нужна одбрана, а не предвидувал никакви санкции против агресорот.

На крајот од Втората светска војна, Организацијата на Обединетите нации, со одредбите од Повелбата, ја презема врз себе колективната одговорност за одржувањето на мирот и безбедноста во меѓународната заедница. Всушност, направен е обид поуспешно да се контролираат мирот и безбедноста преку еден посеопфатен колективен систем, отколку тоа да им се остави на одделни земји. Повелбата на Обединетите нации била прифатена на Конференцијата во Сан Франциско на 26 јуни 1945 година, од страна на претставниците на педесет држави, кои се сметаат за основачи на Обединетите нации. Повелбата на Обединетите нации стапила во сила на 24 октомври 1945 година, откако неа ја ратификувале петте постојани членки на Советот за безбедност и поголемиот дел од државите- основачи. Тој ден е прогласен за ден на Обединетите нации.

Основачите на Обединетите нации ја гледале смислата и основната цел на Организацијата во создавањето на еден универзален систем на мир и безбедност во рамките на заедницата на суверени држави. Самата безбедност претставува темелна содржина на Повелбата - ratio legis - на овој правен акт. Повелбата укажува на повеќе димензионалниот карактер на феноменот на безбедноста, така што иако воено-политичкиот вид на безбедноста е несомнен, таа содржи и силна економска и социјална димензија.

## 2. Основни цели и начела на ООН

Имено, основната цел на Организацијата на Обединетите нации е зачувување на меѓународниот мир и безбедност и за таа цел таа ќе

презема ефикасни колективни мерки заради спречување и отстранување на заканите на мирот, заради надминување на актите на агресија или на други повреди на мирот.

Другите основни цели се поместени во продолжение на (членот 1) Повелбата. Тоа се:

Прво, развивање на пријателски односи меѓу народите, засновани врз почитување на начелата на рамноправност и самоопределување на народите и преземање на други соодветни мерки за зацврстување на општиот мир.

Второ, постигнување на меѓународна соработка со решавање на меѓународните проблеми од економска, социјална, културна или хуманитарна природа, и унапредување и поттикнување на почитувањето на правата на човекот и основните слободи за сите, без оглед на расата, полот, јазикот или верата.

Во членот 2 се наведуваат седумте основни начела според кои Организацијата и нејзините членки постапуваат во спроведувањето на наведените цели.

Прво е начелото за суверена еднаквост на сите држави - членки.

Второ, сите држави-членки совесно ги исполнуваат обврските од Повелбата.

Трето, државите-членки своите меѓународни спорови ги решаваат на мирен начин.

Четврто, сите членови во своите меѓународни односи се воздржуваат од заканата со сила или од употребата на сила против територијалниот интегритет или политичката независност на секоја држава.

Петто, сите членки им пружаат на Обединетите нации секаква помош во акциите што ги преземаат во согласност со Повелбата, а се воздржуваат од давањето помош на државата против која Обединетите нации преземаат превентивна или принудна акција.

Шесто, и државите кои не се членки на Обединетите нации постапуваат во согласност со овие начела колку што е потребно за одржување на меѓународниот мир и безбедноста.

Седмо, Обединетите нации немаат овластување да се мешаат во прашањата од внатрешната надлежност на државите, освен при примената на принудните мерки во согласност со Повелбата.

Имено, Повелбата ги содржи и начелата врз кои треба да се реализираат наведените цели. Тоа се пред се:

- начелото за забрана на сила;
- начелото за мирно решавање на меѓународните спорови;
- начелото за совесно исполнување на обврските преземени во согласност со Повелбата; и
- начелото за забрана на интервенцијата во внатрешните работи на државите.

### 3. Системот за кризен менаџмент во ООН

Во услови кога безбедносните предизвици се повеќе стануваат глобални, улогата на Организацијата на Обединетите нации се менува. Таа ќе стане не само важен, туку и доминантен играч во решавањето на прашањата поврзани со загрозувањето на меѓународниот мир. Оттука, таа ќе мора да биде вклучена во рамките за превенција на конфликтите, за мирно разрешување на споровите, за градење на мирот, реконструкција, но ќе ја има и задолжителната улога во кризниот менаџмент. Сето тоа покажува дека ООН, нагласувајќи ја својата поинаквата улога во заедницата на суверени држави, го поместува фокусот на стратегијата кон кризниот менаџмент заснован врз три елементи:

- соработка;
- дијалог; и
- правен и морален авторитет на ООН.

Во својата основа, секој од овие елементи е планиран да обезбеди зајакнување на меѓународната соработка за успешно управување со кризата, под водство на Обединетите нации. Имено, Обединетите нации,

како универзален систем за зачувување на меѓународниот мир и безбедност, преземаат ефикасни колективни мерки заради спречување и отстранување на заканите на мирот, надминување на актите на агресија или на другите повреди на мирот.

Отука, во организациските елементи на ООН преку кои се остварува и кризниот менаџмент, односно системот за управување со кризи, спаѓаат:

- Генералното собрание;
- Советот за безбедност;
- Економско-социјалниот совет;
- Старателскиот совет;
- Меѓународниот суд на правдата и
- Секретеријатот.

Во согласност со Повелбата на Обединетите нации, можат да се установат и помошни органи, доколку се утврди дека се потребни.

Врховно тело на Обединетите нации е **Генералното собрание.** Него го сочинуваат сите држави-членки на Обединетите нации.

*Генералнооо собрание* и *Советоо за безбедноси* во рамките на Обединетите нации, расправаат по прашањата за мирот и одбраната. Исто така, Генералното собрание расправа и ги зема предвид општите начела на соработката, како начелото за одржување на меѓународниот мир и безбедност, како начелото за разоружување и регулирање на вооружувањето (контрола на вооружувањето) и , во поглед на тие начела, може да им дава препораки во врска со овие начела на членките на Обединетите нации, на Советот за безбедност, или и на едните и на другите.

*Генералнооо собрание* расправа и по прашањата што се во врска со одржувањето на меѓународниот мир и безбедност, пред тие да бидат изложени пред некоја од членките на Обединетите нации или пред Советот на Обединетите нации, и дава препораки во врска со овие прашања.

*Генералното собрание* може да му обрне внимание на Советот за безбедност на ситуации што би можеле да го загрозат меѓународниот мир и безбедност.

Оттука, може да се извлече заклучокот дека ваквите предвидени активности на Генералното собрание на Обединетите нации имаат превентивен карактер, се со цел конфликтите да не прераснат во кризи. Всушност, превентивноста се состои во тоа што Генералното собрание ги поттикнува проучувањата и дава препораки со цел:

- да се унапредува меѓународната соработка на политичко поле и да се поттикнува развојот на меѓународното право и неговата кодификација;
- да се унапредува меѓународната соработка на стопанско, општествено, културно, воспитно и здравствено поле, како и да помага да се дојде до остварување на човековите права и на основните слободи за сите, без оглед на расата, полот, јазикот или на верата.

Мерките што ги препорачува Генералното собрание се однесуваат на мирно решавање на конфликтите, без оглед на нивното потекло, за кои смета дека би можеле да ја загрозат општата благосостојба или да ги нарушат пријателските односи меѓу нациите, подразбирајќи ги тука и конфликтите што настануваат поради повреди на оние одредби од оваа Повелба каде што се наведени целите и начелата на Обединетите нации.

Советот за безбедност, со помош на Воениот комитет - кој е формиран со цел да дава совети и да му помага на Советот за безбедност за прашањата што се однесуваат на одржувањето на меѓународниот мир и безбедност, за употребата и командувањето со силите ставени на располагање, за контрола на вооружување и, по потреба, на разоружување - им предлага на членките на Обединетите нации воведување систем за контрола во вооружувањето, како активност за

унапредување и за одржување на мирот и безбедноста, со одвраќање од вооружување.

Во случај на постоење несогласувања или расправи меѓу одделни земји, кои можат да го загрозат меѓународниот мир и безбедност, предизвикувајќи конфликт или криза, од Обединетите нации, најпрвин, се бараат решенија по пат на преговори, посредување, обиди за смирување, арбитража, судско решавање на спорот, прибегнување кон регионално посредување, смирување или по пат на друг начин на мировни активности, според изборот на страните што се во судир. Исто така, Советот за безбедност може да ги повика земјите што се во конфликт или криза да го решат спорот на еден од претходно наведениве начини.

Советот за безбедност, во согласност со Повелбата на Обединетите нации, првенствено е одговорен за одржување на меѓународниот мир и безбедност и е овластен да биде носител на остварувањето на колективната безбедност, како и за примената на принудните мерки, какви што се: делумен или целосен прекин на економските односи, економски санкции, прекин на сообраќајот и врските, екскомуницирање од меѓународните организации, прекин на дипломатските врски - до преземање акции што вклучуваат и употреба на воена сила или закана дека ќе биде употребена. Имено, по барање на Советот, се ставаат на располагање вооружени сили и сл.

За функционирање на системот кризен менаџмент при Обединетите нации, од посебна важност се меѓународните вооружени сили, односно воените контингенти што одделни земји -членки на ООН ќе и ги стават на располагање.

Овие сили ќе овозможат ефикасно управување со кризите и ќе го спречат нивното трансформирање и ескалирање.

**Економско - социјалниот совет** има голем број постојани и повремени специјализирани установи и агенции.

Основни функции и овластувања на Економско-социјалниот совет се:

- да прави и да иницира проучувања и извештаи во врска со меѓународните економски, здравствени, културни и сл. прашања, и по сите такви прашања да дава препораки до Генералното собрание, до членките на Обединетите нации и до засегнатите специјализирани агенции;
- да дава препораки со цел да се промовира почитувањето и спроведувањето на човековите права и основните слободи за сите и др.

**Старателскиот совет** има ингеренции за управување и надзор над териториите.

**Меѓународниот суд на правдата** ги решава споровите меѓу земјите - членки. Сите земји - членки на Обединетите нации се ipso facto учесници во Статутот на Меѓународниот суд на правдата.

**Секретаријатот** го сочинуваат Генералниот секретар и неопходниот персонал.

### 4. Нови партнерства и нови лекции

Организацијата на Обединетите нации и европските организации и институции, и покрај големиот придонес во одржувањето на мирот, се релативно нови партнери во кризниот менаџмент. Имено, Организацијата на Обединетите нации односно постојаните пет членки на Советот за безбедност во периодот по Студената војна ја зголемија соработката со европските институции и организации. Како значајни примери за соработка, и тоа од превенција на конфликти до кризен менаџмент, се наведуваат:

## ООН во Европа 1964 - 2000

### Табела 1

Мисиите на Обединетите нации во Европа, 1964-2000. Извор: http://un.org/

| Мисија | во | од | до |
|---|---|---|---|
| Силите на Обединетите нации во Кипар - UNFICYP | Кипар | март 1964 | денес |
| Силите за заштита на Обединетите нации - UNPROFOR | Хрватска/ Босна | февруари 1992 | март 1995 |
| Набљудувачката мисија на ООН во Грузија - UNOMIG | Грузија | август 1993 | денес |
| Операцијата на ООН за враќање на довербата - UNCRO | Хрватска | март 1995 | јануари 1996 |
| Превентивно распоредување на ООН во поранешна Југославија- UNPREDEP | Поранешна Југословенска Република- Македонија | март 1995 | февруари 1999 |
| Набљудувачката мисија на ООН во Превлака - UNMOP | Полуостров Превлака | јануари 1996 | јануари 1998 |
| Транзиционалниот авторитет на ООН во Источна Славонија - UNTAES | Хрватска | јануари 1998 | октомври 1998 |
| Полициската надгледувачка група на ООН - UNPSG | Хрватска | јануари 1998 | октомври 1998 |
| Заедничката мисија во Босна и Херцеговина - UNMBIH | Босна | декември 1995 | денес |
| Заедничката мисија во Косово - UNMIK | Косово | јуни 1999 | денес |

Од десетте мисии на ООН распоредени на европска почва во периодот од 1964-2000 година, девет беа со мандат по февруари 1992 година. (види ја табелата бр.1). Значи, од 1992 година, соработката меѓу ООН и европските институции се прошири низ целиот опсег од превенција на конфликти до кризен менаџмент. Како поткрепа на ваквата констатација е примерот за распоредување на превентивните сили на ООН во Македонија (UNPREDEP) кои одржуваа блиска соработка со мониторинг мисијата на ОБСЕ за прелевање на кризата во Скопје, со

мониторинг мисијата на Европската комисија во Македонија, како и воспоставената соработка со Косовскиот верификационен координативен центар на НАТО и Силите за извлекување на НАТО. Исто така, во одржувањето на мирот, НАТО имаше задача да го обезбеди UNPROFOR со блиска воздушна поддршка во Босна и во Источна Славонија. Притоа, Западноевропската унија и НАТО воено го засилија Советот за безбедност на ООН кој имаше мандат за ембарго на оружје. Во транснационалната администрација и пост-конфликтната реконструкција, Транснационалниот авторитет на ООН во Источна Славонија (UNTAES) соработуваше со 30 набљудувачки тимови и набљудувачи на ОБСЕ од Советот на Европа како и со имплементационите сили на НАТО (IFOR) за време на изборите, кои беа одржани на 13-14 април 1997 година. Во Косово, ООН, ЗЕУ и ОБСЕ остануваат интегрирани во единствената структура за цивилна администрација (UNMIK) додека косовските сили предводени од НАТО (KFOR) ја обезбедуваат воената компонента од меѓународното присуство во Косово.

Сите примери укажуваат дека заедничко за соработката во кризниот менаџмент е потребата од глобално сфаќање на кризите. Припадниците на мировните сили мора да бидат вклучени во рамките на превенцијата на конфликтите, за мирно разрешување на споровите, за градење на мирот, за реконструкција, но имаат и задолжителна улога во кризниот менаџмент.

Земјите-членки на ООН, посебно оние од Советот за безбедност, мора да се инволвираат во поцврст начин и во однос на реформите и на теренот. Во овој поглед ООН треба да имаат на располагање сили кои ќе бидат способни да интервенираат брзо и ефикасно, сили кои ќе бидат соодветно обучени, структурирани, опремени и интероперативни. На крајот задолжително треба да се имплементира поголемо партнерство меѓу ООН и европските организации и институции, и тоа не само со воените аспекти на кризниот менаџмент туку и од аспект на цивилната компонента.

(Рецензент: *Доц. д-р* Лидија Георгиева)

**Литература**


1. Обединетите нации-темелни документи, НИП вНова Македонијаг, Скопје, 1995.
2. Ruth B.Russel and Jeannette E. Muther, A History of the United Nations Charter, Washington, D.C., bROOKINGS, 1958, p.3-4.
3. Мисиите на Обединетите нации во Европа, 1964-2000, Извор: http/ un.org/.
4. Wallenstein P.: UN Peacekeeping Interventions in Conflict Situations; 43 rd Pugwash Conference, Stocholm 9-15 June, 1993.
5. Whitman, J., Bartholomew J.:Colective Control of UN Peace Support Operations; A Policy Proposal, Security Dialoque, Vol.25, No.1.

## SUMMARY

Marina Mitrevska

## CRISIS MENAGEMENT OF THE UN

In a situation when security challenges become more and more global, the role of the UN changes. It has become not only important but also a dominant performer in dealing with questions connected to jeopardizing the international peace. Thus, it will have to be employed in the frame of conflict prevention, for peaceful resolution of disputes, for building peace, reconstruction, but will also have the crucial role in the crisis management. All this shows that the UN emphasizing its different role in the community of sovereign countries focuses on the strategy of crisis management based on cooperation, dialogue and legal and moral authority, with one aim to provide enforcement of the international cooperation for successful crisis management.